**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

Бр. 12-3956/2

Скопје 08.11.2023 г.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како имател на информации, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 15[1], од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21 и 154/23), а согласно член 20 став 1, член 21 и член 27 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19) и член 88 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер наш арх.бр.12-3956/1 од 31.10.2023 година, поднесено од барателот на информација Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство, со седиште на [redacted] од застапник/полномошник на барателот на информацијата [redacted] на ден 08.11.2023 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**1. ПОЗИТИВНО СЕ ОДГОВАРА** на Барањето за пристап до информации од јавен карактер наш арх.бр.12-3956/1 од 31.10.2023 година, поднесено од барателот на информација Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство, со седиште на ул. [redacted], од застапник/полномошник на барателот на информацијата [redacted] Извршна директорка, со кое се бараат следните информации од јавен карактер, кои се однесуваат на периодот 2018-2023 (заклучно октомври 2023), и тоа:

Согласно усвоениот НАП (2018-2023) се бара информација за спроведени и реализирани активности и тоа дали се целосно спроведени, во тек или не се спроведени следните активности:

- Спроведување обуки на претставници на Совет за етика – СЕММ, АВМУ и медиумски професионалци за начинот на известување за прашања поврзани со РБН. Дали тековно се спроведува оваа активност, колку обуки се одржани и колку лица се опфатени со истите, за секоја година посебно, заклучно со октомври 2023 година.

**2. СЕ ОВОЗМОЖУВА ЦЕЛОСЕН ПРИСТАП** до бараната информација од јавен карактер, наведена во точка 1 на ова Решение.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, свесна за важноста која медиумите ја имаат во процесот за сеопфатна заштита на правата на жените, многу ревносно, посветено и

---

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.248/18)

проактивно учествува во процесот на имплементацијата на Истанбулската конвенција.

Акцискиот план за спроведување на Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство на Република Македонија (Истанбулска конвенција), од 2018 до 2023, за АВМУ како носител, предвидуваше спроведување обуки на претставници/чки на Советот за етика во медиумите во Македонија (СЕММ), Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ) и медиумските професионалци/ки за начинот на известување за прашања поврзани со РБН почнувајќи од втората половина на 2020 до 2023 година.

На 4 декември 2020 година во Скопје, во рамки на заедничкиот проект на ЕУ и Советот на Европа „Слобода на изразување и слобода на медиумите во Северна Македонија" се одржа онлајн работилница за вработените во АВМУ и во СЕММ. На неа, експертката на Советот на Европа Катарина Сарикакис, ги презентираше податоците кои го сочинуваат општествениот контекст на известување за родовобазирано насилство во Европа и во РС Македонија и говореше за тоа за што треба да се води сметка при информирањето за ваквите случаи. На состанокот учесниците/чките дискутираа за клучните факти и предизвици во врска со регулирањето, саморегулирањето и мониторингот на примената на стандарди за известување на медиумите за случаи на родово-базирано насилство.

Како продолжение на оваа активност, а по иницијатива на АВМУ, експертката изработи „Водич на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за мониторинг на примената на стандардите за известување во случаи на родово засновано насилство во медиумите", кој на 9 ноември 2021 беше усвоен од Советот на Агенцијата. И овој ангажман на експертката Сарикакис беше во рамки на проектот "Слобода на изразување и слобода на медиумите во Северна Македонија"– ЈУФРЕКС 2, спроведуван од Советот на Европа и Европската Унија. Водич-на-АВМУ-за-мониторинг-на-РЗН-.pdf (avmu.mk)

Водичот на АВМУ беше промовиран на онлајн настанот „Родово заснованото насилство во медиумите: состојба, насоки, мониторинг", кој се одржа на 11 ноември 2021 година. На него беа презентирани и истражувањето „Сексуалните малцинства, родот и медиумите - Анализа на медиумското покривање на темите поврзани со ЛГБТИ заедницата и родово заснованото насилство" изработено од Коалиција Маргини со поддршка од Хајнрик Бел Фондацијата и „Прирачникот за родово сензитивно известување во медиумите" изработен од ХОПС/UN Women.

На 9 јуни 2022 година во организација на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а во соработка со Коалицијата Маргини и Националната мрежа против насилство врз жените и семејно насилство, во просториите на Агенцијата се одржа работилница на тема „Родово заснованото насилство и професионалните стандарди за новинарско известување". Оваа работилница беше наменета за професионалните медиумски работници/чки и на неа присуствуваа 15 претставници/чки од националните радија и телевизии.

За 5 декември 2023 година, Агенцијата заедно со Советот на Европа подготвува работилница „Родово заснованото насилство и професионалните стандарди за новинарско известување" во која е предвидено да бидат опфатени претставници/чки од триесетина регионални радија и телевизии. И оваа работилница е во рамки на проектот „Заштита на слободата на изразување и на медиумите" ПРОФРЕКС на СоЕ и ЕУ.

АВМУ, покрај останатото, спроведе активности кои не беа предвидени во НАП-от, но се поврзани со него. Освен веќе споменатиот Водич изработен во 2021 година, од почетокот на 2023 година, Агенцијата администрира веб-страница достапна на македонски, албански и англиски јазик и прилагодена и за лица со оштетување на видот која е специјализирана за родот и медиумите и е замислена како ресурсен

центар за медиумите, место каде што можат да најдат ресурси, информации, линкови за различни аспекти на родовите прашања, вклучувајќи го и родовозаснованото насилство, но и место на кое граѓаните/граѓанките можат да најдат корисни линкови и информации – вклучувајќи ги и институциите и организациите од кои можат да побараат помош во случај да се подложени на родовозасновано насилство. На веб страницата сите институции и граѓански организации можат да ги споделуваат материјалите и активностите кои ги работат на полето на родовите прашања, со што ќе придонесат да биде квалитетен ресурсен центар за сите новинар(к)и, истражувач(к)и кои работат на оваа проблематика, како и за општата јавност. Стартувањето на оваа веб страница беше одбележано на 7 февруари 2023, со заедничка прес-конференција на министерката за труд и социјална политика Јованка Тренчевска и директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги д-р Зоран Трајчевски. Линк до веб страната: www.rodotimediumite.mk

Од почетокот на 2023 АВМУ започна со подготовка на годишното истражување за родот во медиумите, кое овој пат е посветено на претставувањето на родовото насилство на медиумите. Истражувањето е во тек и е насловено „Анализа на начинот на прикажување и претставување на полово и родово заснованото насилство во програмите на националните телевизии", а во него се применува „Водичот на Агенцијата за мониторинг на примената на стандардите за известување во случаи на родово засновано насилство во медиумите" како методологија за истражувањето. Примерокот за истражувањето се состои од програми прикажани на телевизиските програмски сервиси на државно ниво кои се емитуваат преку дигитален терестријален мултиплекс, преку сателит и преку јавна електронска комуникациска мрежа, а кои во првото тримесечје од 2023 година оствариле просечен неделен досег поголем од 5 проценти. Согласно овие податоци, примерокот го сочинуваат вкупно девет телевизиски програмски сервиси на државно ниво (јавни и комерцијални): МРТ1, МРТ2, ТВ Алсат-М, ТВ Алфа, ТВ Канал 5, ТВ Сител, ТВ Телма, ТВ 24 Вести и ТВ Компани 21М. На 30.08.2023 беше склучен договор со Институтот за социолошки и политичко - правни истражувања - Скопје, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј", кој беше избран на јавна набавка да ја направи анализата, која според роковникот треба да заврши во февруари 2024 година и да биде јавно презентирана.

## О б р а з л о ж е н и е

До Агенцијата како имател на информации, од барателот на информација Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство, со седиште на [redacted] од застапник/полномошник на барателот на информацијата [redacted] Извршна директорка, поднесено е Барање за пристап до информации од јавен карактер наш арх.бр.12-3956/1 од 31.10.2023 година, со кое се бараат информации од јавен карактер кои се наведени во точка 1 на диспозитивот на ова Решение.

По извршениот увид во доставеното Барање, Агенцијата, утврди дека располага со бараните информации од јавен карактер и дека не постојат законски причини за нивна недостапност, поради што се овозможи целосен пристап до бараните информации, кои се наведени во точка 2 од диспозитивот на ова Решение.

Во врска со напред наведеното, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а согласно член 20 став 1, член 21 и член 27 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и член 88 од Законот за општата управна постапка, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Службено лице за посредување со информации

Цветанка Митревска

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение барателот на информација може да поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Доставено до:**

-Подносителот на барањето за пристап до информации од јавен карактер,

-Службено лице за посредување со информации на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,

-Архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.